**УЖ-2.бр.237/2020**

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - Претседател на советот и судиите Фани Илиевска и Рина Исени - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на Трговско друштво за производство, трговија, превоз и услуги ИР-транс Рефет ДООЕЛ увоз-извоз од Тетово, поднесена преку полномошник Адвокат Александар Симјановски од Тетово, изјавена против Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1635/2019 од 16.01.2020 година, за јавна набавка на седница на советот одржана на ден 02.12.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Жалбата на Трговско друштво за производство, трговија, превоз и услуги ИР-транс Рефет ДООЕЛ увоз-извоз од Тетово, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.1635/2019 од 16.01.2020 година, СЕ ПОТВРДУВА.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката во вкупен износ од 25.771,00 денари, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1635/2019 од 16.01.2020 година тужбата на тужителот Трговско друштво за производство, трговија, превоз и услуги ИР-транс Рефет ДООЕЛ увоз-извоз од Тетово, поднесена против Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки бр.09-672/4 од 01.10.2019 година, ја одбил како неоснована.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјави тужителот, поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешна и нецелосна утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, при што предлага жалбата да се уважи, првостепената пресуда да се укине и предметот да се врати на повторно разгледување и одлучување, а побара и трошоци на постапката.

Вишиот управен суд, по проучување на списите по предметот, наводите во жалбата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парнична постапка најде:

Жалбата е неоснована.

Видно од списите по предметот се утврди дека Договорниот орган Општина Брвеница, спровел постапка за избор на најповолна понуда бр.09-1162/1 од 27.08.2019 година, донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.04667/2019 за набавка на работи - Реконструкција на собирна улица во с.Челопек - Општина Брвеница и донел Одлука за избор на најповолна понуда бр.09-1162/1 од 27.08.2019 година.

Незадоволен од вака донесената одлука, тужителот поднел жалба до Државна комисија за жалби по јавни набавки кој постапувајќи по истата донел Решение бр.09-672/4 од 01.10.2019 година, со кое жалбата на тужителот ја отфрлил како неуредна.

Незадоволен од вака донесеното решение, тужителот повел управен спор.

Управниот суд со Пресуда У-5.бр.1635/2019 од 16.01.2020 година, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита и истата содржи доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел судот при донесувањето на одлуката и е во согласност со Законот за јавните набавки.

Согласно член 142 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 24/10), жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН. Согласно став 2 на овој член по исклучок од ставот 1 на овој член, жалбата во случаите од членот 31 став 3 од овој закон се изјавува и доставува во хартиена форма.

Согласно член 31 став 3 од истиот закон по исклучок од ставот 1 на овој член договорниот орган не е должен да бара користење електронски средства преку ЕСЈН во следниве случаи: а) доколку поради посебна природа на предметот на набавка, за користење на електронски средства преку ЕСЈН би биле потребни одредени алатки, уреди или формати на датотеки што не се широко достапни или што не се подржани од општо достапниот софтвер; б) доколку за програмите кои ги подржуваат форматите на датотеки погодни за опис на понудите се користат формати на датотеки кои не можат да бидат обработени од страна на кој било друг отворен или општо достапен софтвер, или доколку истите се заштитени со лиценца и договорниот орган не може да обезбеди нивно преземање или користење оддалеку; в) доколку со тендерската документација се бара донесување мостри и макети кои не може да се поднесат по електронски пат и г) кај постапката со преговарање без објавување оглас, конкурсот за избор на идејно решение, набавката на посебни услуги, како и при водењето преговори или дијалог во постапките што вклучуваат фаза на преговори или дијалог.

Вишиот управен смета дека во конкретниот случај, Управниот суд правилно утврдил дека Државна Комисијата за жалби по јавни набавки правилно постапила кога жалбата на тужителот ја отфрлил како неуредна а согласно член 160 став 1 точка 2 од Законот за јавни набавки, според кој во постапката на правна заштита, Државната комисија може да ја отфрли жалбата заради ненадлежност, недозволеност, неуредност, ненавременост поради тоа што е изјавена од неовластени лица и во случај на неисполнување на обврската од членот 142 став 1 на овој закон.

Од горе наведеното произлегува дека обжалената пресуда на Управниот суд и решението на тужениот орган се правилни и законити односно дека правилно е применет Законот за јавни набавки во предметната постапка за јавна набавки поради што Управниот суд правилно ја одбил тужбата на тужителот како неоснована.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужителот, но наоѓа дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Ова од причина што и овој суд го прифаќа стојалиштето на Управниот суд дека тужениот орган при одлучувањето дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на решението, а со кое стојалиште во целост се согласува и овој суд.

Барањето на тужителот за надомест трошоци во постапката, овој суд го одби како неосновано. Ова согласно член 7-б од Законот за управните спорови, со кој е утврдено дека во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

**УЖ-2.бр.237/2020**

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а и 7-б од Законот за управните и член 357 од Законот за парнична постапка.

Пресудено во Виш управен суд на ден 02.12.2020 година под УЖ-2.бр.237/2020.

| Записничар - судски соработник | Претседател на совет - Судија |
|---|---|
| Милка Стефановска Трпевска с.р | Владанка Панчурова Сулејманова с.р |

/ЛС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ
IV

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник